ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО
КО.бр. 531/22
ТЕТОВО, 8.07.2022 година

# С Л У Ж Б Е Н А   Б Е Л Е Ш К А

Составена од страна на Јавните обвинители на ОЈО-Тетово, Бесир Алиу и Ханефи Амети и ОЈО-Скопје, Дејан Петрески и Зорица Павловиќ, на ден 8.07.2022 година, по однос на предметот оформен во ОЈО-Тетово, КО.бр.531/22, а во врска со настанатиот пожар во Модуларната болница при ЈЗУ Клиничка болница во Тетово, откако истиот бил на реферирање кај Јавниот обвинител на Република С.Македонија, во состав од Јавниот обвинител Љубомир Јовески, пред Јавните обвинители во Јавното обвинителство на Република С.Македонија Ацо Колески, Соња Симовска Јавен обвинител во Јавното обвинителство на РСМ, Мустафа Хајрулаху – Виш јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство во Скопје, Исљам Абази – Виш јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство во Гостивар и Наталија Тасевска – Јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство во Скопје, а по реферирањето на ден 11.05.2022 година, по едногласното одлучување во врска со правната квалификација на кривично-правниот настан, како и со одредени правни прашања, беше одлучено да предметот од уписникот ‘РО’, овој кривично-правен настан да се презаведе во уписникот ‘КО’ во Основното јавно обвинителство во Тетово, против: Фљорин Бесими и Артан Етеми за по едно кривично дело **ТЕШКИ ДЕЛА ПРОТИВ ОПШТАТА СИГУРНОСТ по чл.292 ст.4 в.в. со чл.288 ст.4 в.в. со ст.1 од Кривичниот Законик,** обвинетиот Бобан Вучевски за кривично дело **НЕПОСТАПУВАЊЕ СПОРЕД ЗДРАВСТВЕНИТЕ ПРОПИСИ ЗА ВРЕМЕ НА ЕПИДЕМИЈА по чл.206 ст.1 од Кривичниот Законик,** додека обвинетото правно лице ЈЗУ Клиничка болница во Тетово за кривично дело **ТЕШКИ ДЕЛА ПРЕДИЗВИКУВАЊЕ ОПШТА ОПАСНОСТ по чл.288 ст.5 в.в. со ст.4 в.в. со ст.2** и кривично дело **НЕПОСТАПУВАЊЕ СПОРЕД ЗДРАВСТВЕНИТЕ ПРОПИСИ ЗА ВРЕМЕ НА ЕПИДЕМИЈА по чл.206 ст.2 в.в. со ст.1 од Кривичниот Законик,** на ден 8.07.2022 година Јавниот обвинител во ОЈО-Тетово, Бесир Алиу од неговиот мобилен телефон со број [redacted] во 10:20 часот се јави на Јавниот обвинител на Република С.Македонија, Љубомир Јовески, на неговиот мобилен телефон со бр.[redacted], кој даде согласност за правната квалификација за обвинетиот Бобан Вучевски, за кривично дело **НЕПОСТАПУВАЊЕ СПОРЕД ЗДРАВСТВЕНИТЕ ПРОПИСИ ЗА ВРЕМЕ НА ЕПИДЕМИЈА по чл.206 ст.1 од Кривичниот Законик.**

**БА/ЗГ**

**ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ ОЈО-Тетово**

**м-р Бесир Алиу**

**м-р Ханефи Амети**

**ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ ОЈО-Скопје**

**Дејан Петрески**

**Зорица Павловиќ**